# ЕУ и СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

#WesternBalkans
#EUEnlargement

октомври 2024



Северна Македонија е **земја-кандидат за членство во ЕУ** од 2005 година.

**МАРТ 2004**
Апликација за членство во ЕУ

**АПРИЛ 2004**
Стапува на сила Спогодбата за стабилизација и асоцијација

**ДЕКЕМВРИ 2005**
Европскиот совет и доделува статус на земја-кандидат

**МАРТ 2020**
Европскиот совет одлучива да ги отвори пристапните преговори

**ЈУЛИ 2022**
Меѓувладина конференција за пристапни преговори

Почеток на скрининг-процесот

**ДЕКЕМВРИ 2023**
Скрининг-процесот е завршен

## План за раст за Западен Балкан

Во 2023 година, ЕУ објави значаен **План за раст** за забрзување на социо-економскиот развој на партнерите од Западен Балкан и интеграцијата во ЕУ.

Планот **има за цел да ја поттикне социо-економската конвергенција** преку **зајакната економска интеграција со единствениот пазар на ЕУ**, регионална интеграција **во рамките на Заедничкиот регионален пазар**, со забрзување на фундаменталните реформи.



Како дел од овој План за раст, Северна Македонија беше поканета да подготви **Реформска агенда** фокусирајќи се на реформите за **отклучување на националниот и регионалниот потенцијал за раст** и реформи поврзани со основите на процесот на проширување, **вклучувајќи го владеењето на правото, демократијата, почитувањето на човековите права и основните слободи.**

**Финансискиот инструмент за реформи и раст** во вредност од 6 милијарди евра за Западен Балкан ќе обезбеди клучна поддршка за спроведувањето на Планот за раст. Комисијата ја одобри Реформската агенда на Северна Македонија во октомври 2024 година. **750,4 милиони евра во форма на неповратни грантови и поволни заеми** ќе ѝ бидат достапни на Северна Македонија кога ќе ги исполни условите на кои се обврза во сопствената Реформска агенда.

## ЕУ за Северна Македонија е

- најголемиот трговски партнер
- најголемиот инвеститор
- најголемиот снабдувач на финансиска помош

# Тековна поддршка од ЕУ за Северна Македонија

**ЕУ е најголемиот снабдувач на финансиска помош** на Северна Македонија. Таа опфаќа најразлични програми и инструменти за поддршка на развојот на Северна Македонија и за процесот на пристапување во ЕУ.



## Инструмент за претпристапна помош (ИПА)

Во периодот **2021-2024 година**, ЕУ има одвоено н**ад 300 милиони евра** финансиска и техничка помош за Северна Македонија во рамките на ИПА III. Помошта се обезбедува во форма на **неповратни грантови**.
Ова вклучува:

- **Пакет за енергетска поддршка во износ од 80 милиони евра,** кој ги поддржува ранливите семејства и малите и средните претпријатија во Северна Македонија и им помага да се справат со зголемените цени на електричната енергија.
- **18 милиони евра** за зајакнување на **ефективноста и ефикасноста на јавната администрација** во Северна Македонија.
- **Над 20 милиони евра за забрзување на реформите и трансформацијата на деловното опкружување** за Северна Македонија да се приклучи кон Единствениот европски пазар, надградувајќи ги синергиите помеѓу иновациите, земјоделството, енергетската транзиција и развојот на приватниот сектор.



## Економски и инвестициски план (ЕИП)

**ЕИП на ЕУ за Западен Балкан** идентификува 10 водечки инвестиции во областите одржлив транспорт, чиста енергија, животна средина и клима, дигитална иднина, човечки капитал и во приватниот сектор, за поддршка на **зелена и дигитална транзиција** и со цел да го донесат регионот **поблиску до единствениот европски пазар.**

За проекти во **Северна Македонија**, од 2020 година ЕУ веќе мобилизираше **1,7 милијарди евра инвестиции благодарение на 594 милиони евра грантови од ЕУ.** Средствата се собираат преку алатки како што е инструментот Инвестициска рамка за земјите од Западен Балкан (WBIF). Ова вклучува:

- Рехабилитација на **железничка линија со должина од 34 километри** на потегот од Бељаковце до Крива Паланка на железничкиот Коридор VIII, кој треба да им овозможи директен пристап до современи превозни средства на **повеќе од 350 000 луѓе**.
- Зголемување на капацитетот на ветерниот парк Богданци до 15 MW, што треба да му овозможи на објектот да **снабдува со чиста енергија 22 000 домаќинства** и со тоа да се избегнат 153 600 тони емисии на CO2 на годишно ниво.
- Изградба на **пречистителна станица за отпадни води** за Скопје, која се очекува да опслужи 528 900 лица и да го ублажи загадувањето на реката Вардар.

### Што **постигнуваме заедно**

- **957 MW** инсталиран капацитет за производство на обновлива енергија
- **107 km** изграден гасовод отпорен на промените што ги носи иднината
- **205 km** обновени железнички пруги
- Ефикасни услуги за цврст отпад за **1,4 милиони луѓе**

## Блиски трговски и инвестициски врски




**ЕУ е главен трговски партнер на Северна Македонија.** Во 2023 година, ЕУ учествуваше со 60,4% од вкупната трговија со стоки на Северна Македонија (77,3% од вкупниот извоз и 47,7% од вкупниот увоз). Вкупните директни странски инвестиции на ЕУ достигнаа 519,6 милиони евра во 2022 година*.

Прогресивната либерализација на трговијата и заемниот бесцарински пристап за повеќето стоки се одвиваат од 2004 година и моментално се засноваат на **Спогодбата за стабилизација и асоцијација** (ССА) меѓу ЕУ и Северна Македонија.



© Zoltan Vasadi, Mustafa Comor and Jasmin Zeherovic

## Соработка за надворешна и безбедносна политика

Северна Македонија продолжи целосно да се усогласува со ставовите и изјавите на **Заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ**. Дополнително:

- Северна Македонија продолжи **активно да учествува во мисиите и операциите на ЕУ за управување со кризи** според Заедничката безбедносна и одбранбена политика.
- Северна Македонија ја искористи втората билатерална мерка за помош во рамките на Европскиот мировен фонд во 2024 година.
- Балканските медицински наменски сили, во кои учествува и Северна Македонија, користат поддршка во износ од 6 милиони евра за 2022 година во рамките на **Европскиот мировен фонд**.
- ЕУ обезбедува поддршка за соочување со хибридни закани, вклучувајќи сајбер напади, дезинформации, манипулации и мешање со странски информации.



## Контакти меѓу луѓето

- Од 2010 година, граѓаните од Северна Македонија имаат придобивка да **патуваат без визи** во земјите од ЕУ.
- ЕУ финансираше **34 500 размени** меѓу ЕУ и македонските граѓани во областите образование, обука, млади и спорт во рамките на програмата **ЕРАЗМУС+** (2014-2020).
- На градот **Скопје** му беше доделена титулата **Европска престолнина на културата 2028 година.**

* **Source:** DG Trade

ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement
facebook.com/EUnear | x.com/eu_near

© European Union, 2024
Reuse of this document is allowed, provided appropriate credit is given and any changes are indicated (Creative Commons Attribution 4.0 International license). For any use or reproduction of elements that are not owned by the EU, permission may need to be sought directly from the respective right holders. All images © European Union, © Adobe Stock and © Shutterstock, unless otherwise stated.